**20151504262**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за спречување и заштита од дискриминација,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 26 август 2015 година.

Бр. 08-3918/1
26 август 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Член 1

Во Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Македонија” број 50 /10 и 44/14), членот 42 се менува и гласи:

„(1) Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршокот на правното лице односно трговец поединец кој повикува или поттикнува на дискриминација и помага во дискриминаторско постапување врз основа на дискриминаторска основа (член 3).

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице односно трговец поединец ќе се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на одговорното лице во правното лице, односно на одговорното лице во трговецот поединец.

(3) Глоба во износ од 80 до 120 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на функционерот на државен орган, органот на единицата на локалната самоуправа или на овластено лице во правното лице на кое му е доверено вршење на јавно овластување.

(4) Глоба во износ од 70 до 110 евра во денарска против вредност ќе се изрече за прекршок од ставот (1) од овој член на физичко лице.

Член 2

Членот 43 се менува и гласи:

„(1) Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршокот на правното лице односно трговец поединец кој ќе го повреди достоинството на одредено лице или создавање заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика (член 7).

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице односно трговец поединец ќе се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на одговорното лице во правното лице, односно на одговорното лице во трговецот поединец.

(3) Глоба во износ од 80 до 120 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на функционерот на државен орган, органот на единицата на локалната самоуправа или на овластено лице во правното лице на кое му е доверено вршење на јавно овластување.

(4) Глоба во износ од 70 до 110 евра во денарска против вредност ќе се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член на физичко лице“.

Член 3

Членот 44 се менува и гласи:

„(1) Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршокот на правното лице односно трговец поединец кој ќе го доведе во неповолна состојба лицето кое пријавило дискриминација или на кој било начин учествувало во постапката за дискриминација (член 10).

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице односно трговец поединец ќе се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на одговорното лице во правното лице, односно на одговорното лице во трговецот поединец.

(3) Глоба во износ од 80 до 120 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на функционерот на државен орган, органот на единицата на локалната самоуправа или на овластено лице во правното лице на кое му е доверено вршење на јавно овластување.

(4) Глоба во износ од 70 до 110 евра во денарска против вредност ќе се изрече за прекршок од ставот (1) од овој член на физичко лице“.

Член 4

Во членот 45 зборовите: „400 до 600 евра“ се заменуваат со зборовите: „70 до 110 евра,“ а зборовите: „одговорното лице“ се заменуваат со зборовите: „службеното лице“.

Член 5

По членот 45 се додаваат два нови членови 45-а и 45-б кои гласат:

„Член 45-а

Одмерувањето на висината на глобата за правното лице односно трговец поединец се врши согласно Законот за прекршоците.

Член 45-б

За прекршоците утврдени во овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежниот суд.”

Член 6

Се овластува Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.